# Политика за интеракција со биодиверзитетот и екосистемите во ЕВН Македонија АД Скопје

## 1 Цели

Свесни сме дека нашите активности имаат влијание врз екосистемите и биолошката разновидност и исто така сфаќаме дека сме зависни од функционирањето на саморегулирачките екосистемски услуги. Затоа ја преземаме нашата одговорност за заштитата на природните ресурси многу сериозно. Оваа политика е наменета да послужи како водич за нашите напори да ги идентификуваме, да ги процениме и да управуваме со материјалните влијанија, ризици и можности поврзани со биолошката разновидност. Ги дефинира принципите и процесите што ја формираат основата за следење, контрола и ублажување на нашите влијанија врз биолошката разновидност. Нашата цел е не само да ги исполниме, туку – секогаш кога е можно – да направиме повеќе од законските барања.

Оваа политика ја нагласува нашата посветеност за континуирано подобрување на нашите практики за поддршка на биолошката разновидност преку постојани иновации и со тоа да даде позитивен придонес во заштитата на екосистемите и на загрозените видови. Оваа заложба ги одразува и Целите за одржлив развој (SDGs) на Обединетите нации (ОН) што ги поддржуваме многу години.

Сакаме да придонесеме за зачувување и за поддршка на биолошката разновидност и да ја интегрираме визијата на Обединетите нации (ОН) за 2050 година „Живеење во хармонија со природата“ во нашето управување. Нашиот фокус е со интеракција со природата да се заштити функцијата на екосистемите за идните генерации. Ова вклучува зачувување и одржливо користење на природата како и нејзино обновување во врска со нашите проекти.

## 2 Област на важење

Оваа политика е валидна и применлива за сите материјално одржливи економски активности на Групацијата ЕВН во Австрија и во други земји освен ако специфичните национални или законски ограничувања немаат предност.

Деловните области на ЕВН Македонија АД Скопје што се засегнати од оваа политика, го вклучуваат енергетскиот бизнис со производство на енергија, работењето на дистрибутивните мрежи и снабдувањето со електрична енергија.

Исто така, очекуваме нашите деловни партнери, добавувачи и клиенти да ги почитуваат и да ги поддржат нашите напори за ублажување на влијанијата на нашите активности врз биодиверзитетот и екосистемите. Ние соработуваме, секаде каде што е можно, за да ги минимизираме еколошките влијанија од нашите заеднички активности и работиме на исполнување на нашите еколошки цели.

При овие принципи на однесување и насоки за дејствување, се концентрираме на темите што за време на годишното ажурирање на анализата на материјалноста се идентификувани како фокусни теми. Овде се вклучени директните влијанија на нашите активности врз губењето на биолошката разновидност во врска со климатските промени и промените во користењето на земјиштето и на слатките води како и влијанијата врз состојбата на видовите.

## 3 Принципи на однесување

Спроведувањето на нашите мерки за зачувување и поддршка на биодиверзитетот, се заснова на следните принципи на однесување:

→ <u>Препознавање на климатските промени:</u> Ние ги гледаме климатските промени предизвикани од човекот како главен двигател за губење на биодиверзитетот и поставивме амбициозни цели да ги намалиме нашите емисии на стакленички гасови како дел од Климатската иницијатива на ЕВН АГ.

→ <u>Процеси на одлучување:</u> Заштитата на биолошката разновидност и на екосистемите претставува составен дел од внатрешното одлучување во сите фази од нашите проекти.

→ Примена на принципот на хиерархија на ублажување: Сите наши активности го следат принципот на хиерархија на ублажување: се обидуваме да ги спречиме или да ги ублажиме штетните ефекти врз природата и, доколку тоа не е можно, користиме соодветни мерки за реставрација или компензација за неутрализирање на преостанатите негативни влијанија.

→ Одговорна изградба и работа на постројките: За да се спречат негативните ефекти врз постоењето на видовите и состојбата на живеалиштата како резултат на неизбежни активности, тесно соработуваме со надлежните органи и ја планираме и ја спроведуваме потребната градба (времетраење, интензитет и обем) во согласност со регулаторните барања.

→ Избегнување на загадување на животната средина: Со почитување на законски потребните прагови и принципите на однесување и насоки за дејствување дефинирани во нашата политика за спречување и ублажување на загадувањето на животната средина, гарантираме дека материјалните влијанија на емисиите и на загадувачите врз биолошката разновидност се превенираат или се ублажуваат што е можно подобро.

→ Избегнување на уништување на шумите: Се обидуваме да го спречиме уништувањето на шумите со користење биомаса од одржливи шумски ресурси во нашиот синџир на снабдување.

→ Усогласеност: Во согласност со локалните барања, организираме процени на влијанието врз животната средина за нашите проекти или – во случај на потенцијално негативно влијание врз европските природни резервати – процени на влијанијата врз природата. Работиме заедно со јавните власти и со засегнатите страни за да ги идентификуваме потенцијалните влијанија од нашите проекти за природата и спроведуваме мерки во согласност со хиерархијата за ублажување и најдобро достапните технологии. Ние ги исполнуваме сите барања за зачувување на природата совесно со фокус на резултатите. Ова особено се однесува на нашите локации во заштитените подрачја или во нивна близина. Нашата цел е не само да ги исполниме, туку – секогаш кога е можно – да направиме повеќе од законските барања.

→ Одговорност: Секој вработен е одговорен за минимизирање на влијанијата врз природата во рамките на своите активности. Раководителите на организациските единици се одговорни за почитување на законските и на интерните прописи за заштита на животната средина.

→ Истражување: Учествуваме во проекти за истражување, конзервација, едукација и подигање на свеста што ги спроведуваат владините органи, невладините организации, локалните заедници и другите засегнати страни за прашања што се однесуваат на зачувување и обновување на екосистемите и на биолошката разновидност.

## 4 Приоритетни насоки за дејствување

Зачувувањето и поддршката на биолошката разновидност играат важна улога во стратегијата на Групацијата ЕВН и се одразуваат во дефиницијата на следните приоритетни насоки за дејствување:

→ Редовно истражување на влијанијата, на ризиците и на можностите: Редовно ги идентификуваме, ги квантифицираме и ги проценуваме влијанијата, ризиците, можностите и зависностите на нашите активности и локации на природните ресурси со помош на истражувачки проекти и според пристапот LEAP (лоцирај, оценувај, проценувај, подготвувај) дефиниран од Работната група за финансиските обелоденувања поврзани со природата (TNFD).

→ Управување со биолошката разновидност: Ние го интегрираме управувањето со природните ресурси и биодиверзитетот заедно со дефинирање цели и метрика за нивно следење, контрола и ревизија низ ЕВН Македонија АД Скопје.

→ Одговорен избор на локации: Биодиверзитетот игра важна улога во изборот на локации за проекти од областа на обновливите извори на енергија. Ние ги интегрираме потенцијалните влијанија врз околните живеалишта и екосистемите во рана фаза на нашето планирање. Секогаш кога е можно, избираме локации и рути што ќе спречат материјални влијанија врз недопрените живеалишта, загрозените екосистеми и видови.

→ Одржливо користење на земјиштето: Потребни се значителни области за проширување на производството на обновливи извори. Модернизација и ревитализација на постојните постројки, демонтирањето и понатамошната употреба на деактивираните индустриски локации, ни помагаат да ја намалиме побарувачката за дополнителен нов простор. Во исто време, се обидуваме да го минимизираме влијанието на новите локации врз околните живеалишта со соодветен дизајн. На рециклирањето на земјиштето му се дава приоритет пред новите градби во согласност со нашите упатства за одржливост.

→ Мониторинг: Редовно ги следиме нашите проекти за да го идентификуваме присуството на заштитени или загрозени видови и состојбата на екосистемите. Ова ни помага да ги одредиме реципрочните ефекти помеѓу инфраструктурата и животната средина и да се воведат корективни мерки во рана фаза доколку е потребно. За избрани проекти, подготвуваме редовни мониторинг извештаи за надлежните органи.

→ Разгледување на целиот синџир на вредности: Ги проценуваме ризиците за биолошката разновидност по целиот наш синџир на вредности во согласност со Индексот за еколошки перформанси (EPI) заедно со тековните студии и извештаи. Ова вклучува и евалуација на влијанијата врз општеството.

→ Создавање свест: Ние го поддржуваме подигањето на свеста кај нашите вработени за биолошката разновидност преку редовно известување за активностите што ги презема ЕВН ЕВН Македонија АД Скопје за зачувување на биолошката разновидност, за локациите во заштитените подрачја и за тековните истражувачки проекти и мерки за подигање на свеста.

**5 Ги користиме следните мерки за да ги информираме заинтересираните страни:**

→ Транспарентно известување: Транспарентно известуваме за нашите метрики за биолошка разновидност до граѓаните, институциите и другите интересни групи и обезбедуваме информации за мерките поврзани со управувањето со биолошката разновидност и успехот поврзан со нив.

→ Отворени комуникации: Промовираме култура на отворени комуникации и ги охрабруваме сите вработени да поднесат предлози за подобрување на нашето управување со биолошката разновидност.

→ Инклузивно управување со засегнатите страни: Ние работиме заедно со нашите засегнати страни и ги вклучуваме нивните потреби и очекувањата во врска со биолошката разновидност и учество во проекти за подобрување на екосистемите и на видовите заштита.

**6 Одговорност**

Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје го претставува највисокото раководно ниво кое е одговорно за спроведување на оваа политика.

**Управен Одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје**